Комора на Република Северна Македонија
за приватно обезбедување
Бр. 02-269/1
26-06-2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 20 од Статутот на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, Собранието на Комората на ден 26.06.2024 година усвои

# ПОЛИТИКА ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ НА РАБОТНОТО МЕСТО ВО ПРИВАТНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

## 1. ОСНОВНА ЦЕЛ

Оваа Политика има за цел да постави систем на генерални принципи според кои ќе се раководат правните лица кои вршат приватно обезбедување при градење на родово рамноправна околина во приватното обезбедување и при усвојување на интерни правила, мерки, однесувања и практики кои ќе гарантираат рамноправни можности и еднаков третман на жените и мажите во приватното обезбедување.

Оваа Политика ја одразува недвосмислената посветеност на правните лица кои вршат приватно обезбедување за поддржување, поттикнување и промовирање на родова еднаквост на работното место.

Политиката вклучува определување и дефинирање на генералните принципи за унапредување на родовата еднаквост во приватното обезбедување, мерки и чекори за имплементација, опис на одговорностите на засегнатите страни, именување на амбасадори за родова еднаквост и компании со најдобри родови практики како и мониторнг односно следење на примената на политиката.

Правните лица кои вршат приватно обезбедување препознаваат дека воспоставувањето на правна рамка игра значајна улога во подобрување на родовата еднаквост. Во исто време, целта на оваа Политика е преку воспоставување на de jure еднаквост меѓу жените и мажите на работното место да се постигне ниввен de facto еднаков третман и еднакви можности.

## 2. ПРАВНА ОСНОВА

Правна основа за ова Политика се следните правни акти:

- Конвенција на Обединетите нации за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените;
- Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство;
- Закон за еднакви можности на жените и мажите;

– Закон за работните односи;
– Закон за спречување и заштита од дискриминација
– Закон за заштита од вознемирување на работно место.
– Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство;
– Стратегија за родова еднаквост 2022-2027 на Собранието на РСМ;

## 3. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМИТЕ

3.1 *Дискриминација на работното место по основ на пол/род* е секоја разлика, исклучување или ограничување врз основа на пол/род, што има за последица или за цел да го загрози или оневозможи признавањето, остварувањето или практикувањето на правата од работен однос или било кое човеково право и слобода за време на вршењето на работните задачи;

3.2 *Еднакви можности на жените и мажите во приватното обезбедување* е воспоставување систем за еднакво учество и рамноправен натпревар на жените и мажите во сите нивоа на работење во правните лица, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат за развојот на правното лице, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој;

3.3 *Еднаков третман* е отсуство на дискриминација врз основа на пол и род;

3.4 *Вознемирување врз основа на пол/род* е несакано однесување поврзано со полот на едно лице, чија цел или последица е повреда на достоинството на едно лице и создавање застрашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива атмосфера;

3.5 *Позитивна акција* значи сет на различни мерки за охрабрување и обука во насока на намалување на малата застапеност на жените односно на родовиот дисбаланс во приватното обезбедување. Позитивната акција меѓу другото опфаќа и мерки со кои при исти квалификации и исти услови за конкретно работно место или позиција, како и за кариерно напредување ќе се прават напори да се избере жена наспроти маж.

## 4. ГЕНЕРАЛНИ ПРИНЦИПИ, МЕРКИ И НАЧИН НА ПРИМЕНА

Правните лица кои вршат приватно обезбедување ја препознаваат потребата од поттикнување на промени кои ќе придонесат за целосна родова рамноправност во приватното обезбедување врз основа на следните генерални принципи:

- Принцип на креирање на работна атмосфера на еднакви можности на жените и мажите каде сите вработени ќе бидат третирани со еднаква почит и разбирање, каде секој ќе се чувствува рамноправен, прифатен и заштитен од вознемирување врз основа на полот и родовиот идентитет;
- Принцип на еднаков третман на сите вработени во приватното обезбедување, еднакви можности на жените и мажите кандидати за вработување во процесот на регрутирање и селекција како и во процесот на напредување;
- Никој не смее да се чувствува обесправено поради барања или критериуми кои не се поврзани и не се релевантни за добро извршување на работните задачи;
- Принцип на диверзитет на работната сила во смисла на родовата припадност;
- Баланс меѓу работата и приватниот/семејниот живот,
- Принцип „еднаква плата за еднаква работа“;

Правните лица кои вршат приватно обезбедување се обврзуваат да ги преземат следните мерки:

- Да развиваат политики, механизми и алатки со кои се поттикнува еднакков третман при вработување и напредување во кариерата без оглед на родовата припадност,
- Да развиваат позитивна работна атмосфера од аспект на заштита од родово базирана дискриминација, да поттикнуваат меѓусебна почит и користење родово сензитивен јазик и пораки;
- Да обезбедат еднаков пристап до стручно усовршување, обуки и професионален развој подеднакво за сите вработени мажи и за жени;
- Да практикуваат позитивна акција при регрутирање, при напредување и при вработување во управувачки и менаџерски структури;
- Преку програми за велнес, фитнес, спортски активности, ментално здравје, стрес менаџмент, прилагодување на работа и распоред на смени и др., да го поддржуваат принципот на баланс меѓу работата и приватниот живот;
- Преку транспарентност да го гарантираат принципот „еднаква плата за еднаква работа“
- Да ја промовираат важната улога на мажите како рамноправни партнери во борбата за родова еднаквост;

Заради примена на мерките и доследно почитување на генералните принципи содржани во оваа политика, правните лица кои вршат приватно обезбедување се обврзуваат да создадат систем за брза и ефикасна постапка по пријава за можна дискриминација на работното место и вознемирување по основ на пол и родов идентитет.

За таа цел, ќе креираат посебна, нова електронска адреса: prijavidiskriminacija на домејнот на правното лице и ќе ја објаваат на електронската адреса на веб страната на правното лице.

Правните лица се обврзуваат по секоја пријава итно да постапат во согласност со Законот за работни односи, Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за еднакви можности на жените и мажите и Закон за заштита од вознемирување на работно место;

## 5. ОДГОВОРНОСТИ И МЕХАНИЗАМ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Одговорноста за доследно спроведување на оваа Политика ја преземаат Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување и правните лица кои вршат приватно обезбедување.

Комората препознава дека исполнувањето на визијата за современо, одговорно и ефикасно фукнционирање на приватното обезбедување подразбира и преземање на улога на предводник и носител на промената на свеста и практиките во однос на родовата еднаквост.

Комората презема одговорност за создавање и спроведување програми, обуки и добри практики за да се поттикне трансформација кај вршителите на приватно обезбедување во насока на родова рамноправност на работното место. За таа цел, Комората ќе нуди поддршка и помош за креирање на внатрешните политики на правните лица, ќе дава помош и препораки на вработените и на управувачките структури и ќе организира конференции и семинари за меѓусебно разменување искуства.

Правните лица кои вршат приватно обезбедување ќе ја преземат одговорноста за спроведување на оваа Политика како интерен акт на Комората и во корелација со начелото за професионалност и стручност од Кодексот на професионална етика на вршителите на приватно обезбедување, што претставува дисциплинска повреда која се санкционира согласно Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Комората.

Правните лица кои вршат приватно обезбедување ќе ја преземат одговорноста за спроведување на оваа политика преку нивните органи согласно структурата и интерните правни акти.

## 6. АМБАСАДОРИ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО ПРИВАТНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Комората за приватно обезбедување ќе назначи амбасадори за родова еднаквост во приватното обезбедување со следните одговорности:

- Да преземаат мерки и активности за промоција и приближување на принципите на родова еднаквост, утврдени со оваа Политика до сите вршители на приватно обезбедување во правното лице, односно да спроведат најмалку 2 активности годишно за промоција или обука за оваа Политика;
- Да помогнат во развивањето на свеста и важноста за родовата еднаквост во правното лице преку споделување на пораки, трендови, практики и сл;
- Да бидат заштитници од дискриминација по основ на пол и род така што ќе бидат лицата на кои било кој вработен може да се обрати доколку се чувствува дискриминиран;
- Да преземат соодветни дејствија во рамките на правното лице односно кај структурите на управување согласно интерните акти, доколку утврдат постоење на основано сомневање за дискриминација;
- Да дадат насоки, совети и препораки за надминување на дискриминирачки ситуации односно практики кои штетно влијаат на постигнувањето на целта за еднаков третман и еднакви можности;
- При вршењето на своите задачи и должности амбасадорите за родова еднкавост ќе ги применуваат Законот за работни односи, Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за еднакви можности на жените и мажите и Закон за заштита од вознемирување на работно место.

## 7. КОМПАНИЈА СО НАЈДОБРИ РОДОВИ ПРАКТИКИ ВО ПРИВАТНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Правното лице за приватно обезбедување кое ќе манифестира добар пример за родова еднаквост со најмалку 4 активности на амбасадорот за родова рамноправност во една календарска година, односно ќе го зголеми бројот на жени на раководни позиции

најмалку за 10% во една календарска година и/или бројот на работнички за приватно обезбедување за најмалку 10% во една календарска година ќе биде промовирано од Комората за приватно обезбедување како Компанија со најдобри родови практики во приватното обезбедување.

Промоцијата на компанија/компании со најдобри родови практики во приватното обезбедување ќе се врши на седница на Собрание на Комората.

За компанијата/компаниите со најдобри родови практики во приватното обезбедување Комората ќе овозможи за еден претставник: учество на Самит за женско претприемништво, учество на Самит за безбедност, учество на Адриа секјурити самит, бесплатно учество на обуки и семинари кои ги организира Комората од областа на родовите прашања.

## 8. МОНИТОРИНГ/ СЛЕДЕЊЕ

Комората ќе врши мониторинг односно следење на реалното имплементирање на принципите содржани во оваа Политика преку анкети, истражувања и анализи.

Комората преку стручната служба, а по налог од Управниот одбор ќе изготвува извештаи преку кои ќе го оценува реалното имплементирање на генералните принципи на оваа Политика и истите ќе бидат презентирани на редовна седница на собрание.

## 9. ОБЈАВА

Правните лица и Комората ќе ја објават оваа политика во целост на својата веб страна. Комората ќе изработи скратена верзија на оваа Политика и ќе ја достави до правните лица. Правните лица и Комората ќе ја постават скратената верзија на Политиката на видно место во своите деловни простории, достапна за увид на сите вработени.

Правните лица и Комората ќе објават на својата веб страна назначување на амбасадор за родова рамноправност, со објава на контакт податоци.

## 10. СТАПУВАЊЕ НА СИЛА

Оваа политика за родова рамноправност на работното место во приватното обезбедување стапува на сила и ќе се применува од денот на донесувањето.

Скопје, 26.06.2024

Претседателка
М-р Верица Милеска Стефановска

Комора на Република Северна Македонија за приватно обезбедување • СКОПЈЕ •